– Стојан Миланов, градоначалник на општина Кратово;

– Драги Дејановски, секретар на Советот на општина Крива Паланка;

– Иван Андрески, градоначалник на општина Крушево;

– Борис Протиќ, градоначалник на општина Куманово;

– Пецо Стојкоски, градоначалник на општина Македонски Брод;

– Трајче Тасев, секретар на Советот на општина Неготино;

– Ѓуладин Ѓуладин, секретар на Советот на општина Охрид;

– Благоја Стојковски, член на Советот на општина Прилеп;

– Соња Сентовска, претставник од општина Пробиштип;

– Кирчо Сусинов, градоначалник на општина Радовиш;

– Киро Китевски, секретар на Советот на општина Ресен;

– Стево Стојчев, претставник од општина Свети Николе;

– Младен Јулоски, референт по правни прашања и прав. помошник во општина Струга;

– Васил Грчев, градоначалник на општина Струмица;

– Изет Зекири, началник на Подрачната единица на Министерството за стопанство – Тетово;

– Тодор Лефков, дипл. економист од општина Велес;

– Ванчо Шешов, секретар на Советот на општина Штип;

– Загорка Георгиевска, од стручната служба на Советот на општина Карпош;

– Марјан Ѓорчев, градоначалник на општина Кисела Вода;

– Аце Миленковски, градоначалник на општина Чаир;

– Душан Илиевски, член на Советот на општина Гази Баба;

– Мирослав Грчев, градоначалник на општина Центар;

– Петар Бочваров, советник по финансии во стручната служба на Град Скопје;

2. За спроведување на Делбениот биланс од ставот 1 на ова решение, Комисијата ќе работи во сталeн состав од именуваните членови по точка 1 и 2 и променлив состав по еден претставник од точка 3 од Решението именуван за секоја општина посебно.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-330/1
11 февруари 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**137.**

Врз основа на член 47 став 3 од Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци („Службен весник на РМ", бр. 13/96), министерот за труд и социјална политика донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА БАЊСКО И КЛИМАТСКО ЛЕКУВАЊЕ НА ВОЕНИ ИНВАЛИДИ

Член 1

Во Правилникот за бањско и климатско лекување на воени инвалиди („Службен весник на РМ", бр. 50/96), во членот 3 ставот 1 зборовите: „21 ден" се заменуваат со зборовите: „15 дена".

Во ставот 2 по зборот „траење" зборот „од" се заменува со зборот: „до".

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 12-253/2
10 февруари 1997 година
Скопје

Министер,
**Насер Зибери,** с.р.

**138.**

Врз основа на член 12 од Законот за поттикнување на развојот на земјоделството („Сл. весник на РМ" бр. 24/92, 32/92, 83/92, 78/93 и 14/96), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува

## УПАТСТВО
## ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ПРЕМИЈАТА ЗА МЛЕКОТО

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на остварување на правото на користење на средствата за премија за хигиенски исправно млеко годно за исхрана на луѓето, согласно Одлуката за износот на премијата за млекото во периодот од 01.01.до 30.04 1997 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/97).

Член 2

Правните лица – производители на млеко остваруваат право на премија со поднесување на барање и соодветна документација до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Физичките лица - производители на млеко ја остваруваат премијата со поднесување на барање и соодветна документација до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку општинските центри - служби за унапредување на индивидуалното земјоделство.

Член 3

Кон барањето за остварување на правото за премија за млеко, правните лица - производители на млеко ја приложуваат следната документација:

а) спецификација за произведеното свежо кравјо, овчо или козјо млеко од сопствено производство, по денови и вкупно за месецот, врз основа на книговодствената евиденција и заверените приемници од одговорното лице;

б) спецификација од книговодствената евиденција за сопствена преработка на млекото или за негово продавање во млекарница или на друго правно лице - преработувач на млеко;

в) писмен доказ - потврда за просечниот процент на млечна маст за односната количина на произведено и преработено млеко во млекарница или на друго правно лице - преработувач на млеко, издадена од Институтот за сточарство преку реонските служби за матично книговодство, селекција и мониторинг, а врз основа на резултат (наод) од анализата на земените млекопроби од правно лице кое располага со соодветна лабораторија. Потврдата се прибавува од 1-ви до 15-ти во месецот за претходниот месец;

г) предлог пресметка за остварување на премијата, и

д) спецификација за бројната состојба на добиток по видови и категории, според образецот кој е составен дел на ова упатство.

Член 4

Откупувачите на млеко, за откупеното млеко од физичките лица - производители на млеко, до општинските центри - служби за унапредување на индивидуалното земјоделство ја доставуваат следната документација:

а) список- извод од книговодствената евиденција на откупувачот, на лица - производители на млеко со податоци за месечната количина и квалитет (% на млечна маст) на откупеното свежо кравјо, овчо или козјо млеко, подготовен врз основа на приемници за откупеното млеко од индивидуалните производители,

б) писмен доказ – потврда, за просечниот процент на млечна маст за односната количина на откупеното млеко од индивидуалните производители, издадена од Институтот за сточарство преку реонските служби за матично книговодство, селекција и мониторинг, а врз основа на резултат од анализата на земените млекопроби од правно лице кое располага со соодветна лабораторија. Потврдата се прибавува од 1-ви до 15-ти во месецот за претходниот месец.

Член 5

Барањата со потребната документација се поднесуваат најдоцна до 15.05.1997 година.

Член 6

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 08-740/1
04 февруари 1997 година
Скопје

Министер
за земјоделство, шумарство
и водостопанство,
дипл. инж. агр. **Никола Паракеов, с.р.**

СПЕЦИФИКАЦИЈА

ЗА БРОЈНАТА СОСТОЈБА НА СОПСТВЕН ДОБИТОК, ПО ВИДОВИ И КАТЕГОРИИ, ЗА МЕСЕЦ ____ 1997 ГОДИНА

(извод од книговодствената евиденција)

| Ред. бр. | Вид и категорија на добиток | Број на грла | Просечна дневна количина на комерцијално млеко по едно молзно грло | Вкупно добиено комерцијално млеко во литри |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | | | | |
| 1 | ГОВЕДА – вкупно | | | |
| | 1.1. Молзни крави<br>1.2. Јуници (од 12 месеци до отелување) | | | |
| | 1.3. Млади јуници (од 6 до 12 месеци) | | | |
| | 1.4. Женски телиња (до 6 месеци) | | | |
| | | | | |
| 2. | ОВЦИ – вкупно | | | |
| | 2.1. Молзни овци | | | |
| | 2.2. Ѕвиски (од 12-18 месеци) | | | |
| | 2.3 Женски шилежиња (од 6-12 месеци) | | | |
| | 2.4. Женски јагниња (до 6 месеци) | | | |
| 3 | КОЗИ – вкупно | | | |
| | 3.1 Молзни кози | | | |
| | 3.2 Ѕвиски (од 12-18 месеци) | | | |
| | 3.3 Женски шилежиња (од 6-12 месеци) | | | |
| | 3.4. Женски јариња (до 6 месеци) | | | |
| | | | | |

Дата ________________ М.П Потпис на овластено лице ________________

Место ________________

**139.**

Врз основа на член 43 и 44 од Законот за хартиите од вредност („Службен весник на Република Македонија“, бр. 5/93), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност, донесена на седницата одржана на 16.01.1997 година, Комисијата издава

**РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

1. На Кредитна банка А.Д. Битола ѝ се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност – седма емисија на акции во вредност од 70.000.000,00 денари.

2. Издавачот на долгорочните хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката за нивно издавање.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 01-1/1
17 јануари 1997 година
Скопје

Претседател на Комисијата,
проф. д-р **Љубе Трпески,** с.р.

**140.**

Врз основа на член 43 и 44 од Законот за хартиите од вредност („Службен весник на Република Македонија“, бр. 5/93), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност донесена на седницата одржана на 30.01.1997 година, Комисијата издава

**РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

1. На Комерцијално-инвестициона банка А.Д. – Куманово се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност – трета емисија на акции во вредност од 2.000.000 ДЕМ или во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на ден 05.02.1997 година во износ од 53.268.600,00 денари.

2. Издавачот на долгорочните хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката за нивно издавање.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.